**Никола В. Димитров**[1]
nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

# КРАТОК ИСТОРИСКО-ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА УГОСТИТЕЛСКО-СМЕСТУВАЧКИ ОБЈЕКТИ ВО БИТОЛА И БИТОЛСКО

**Апстракт**

Во текстот изнесуваме краток историско - географски преглед на угостителско - сместувачки објекти во Битола и Битолско. Првите угостителски објекти во Битола и битолско се споменуваат во XV век. Во трудот се издвоени четири временски периоди од кои може да се проследи бројното движење на угостителските и сместувачките објекти во Битола и Битолско.

Целта на трудот е кратко презентирање на бројното движење и развојот на угостителството и сместувачките објекти во Битола и Битолско. Од трудот, дознаваме, дека, најбројни се угостителските објекти во град Битола и по неколку во педесеттина селски населби. Додека пак, сместувачките објекти, се помалобројни, најмногу ги има во Битола а помалиот број се наоѓаат во неколку селски населби.

Максималниот број на угостителски и сместувачки објекти го регистрираме во XXI век, односно денес, и тоа над 350 објекти, од кои над 250 се различни угостителски објекти (меани, кафеани, ресторани, ќебапчилници, кафулиња, барови, пицерии, слаткарници, сендвичари, пекари и сл.) и 100 различни сместувачки објекти (хотели, хостели, вили, апартмани и сл.).

Клучни зборови: меани, кафеани, ресторани, пицерии, хотели, хостели, апартмани

## 1. Краток историско - географски преглед на угостителски објекти во град Битола[2] и Битолско[3]

Во средината на XV век Битола станува значаен економски, воен, административен и културен центар во европска Турција. Тоа го потврдуваат

---

[1] Д-р. Никола В. Димитров, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика, и Факултет за природни и технички науки, студиска програма Географија, при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

[2] Ракописот е сублимиран извадок од монографска книга во подготовка од авторот на овој труд, со работен наслов: „Битола - угостителство и туризам“. Поради ограничен број страни, во трудот ќе наведеме само број и вид на угостителски и сместувачки објекти, без имиња на објектите.

[3] Поимот Битолско се однесува на просторот и населбите на поранешната Општина Битола (1965 - 1996 година), во кои влегувал просторот и населбите на денешните општини Битола, Могила и Новаци.

показателите за занаетчиството, има околу 43 вида занаети, меѓу кои и алваџии, бозаџии, воденичари, дуќанџии, бакали.

Прва крчма во Битола и битолско е регистрирана во XVI век. Во Битола во XVII век имало вкупно 49 вида занаетчии со околу 450 до 500 мајстори. Се појавуваат и првите еснафски организации и тоа: еснаф на бакали, пекари и други. Прва меана во Битола се споменува во 1678 година, и во текот на тој век нивниот број достигнал 18 меани.

Според патописецот Евлија Челебија, кој ја посетил Битола во 1662 година забележал, дека во Битола имало 40 кафеани, а во околината има 20 излетнички места, богати занаетчии, трговци и анџии.

Во 1827 година во Битола биле регистрирани 44 меани (од кои 24 меани во периферијата), 35 симитчии, 30 воденичари, 17 анџии, 17 ахтари, 15 кафеанџии, 11 алваџии, 11 кадаифчии, 10 бозаџии, 8 бурегџии, 6 леблебиџии, 4 ашчии.

Во 1827 година биле 15 кафеанџии, во 1856 година 20, а при крајот на истиот век околу стотина. Една кафеана била и на јужниот, излетнички рид, Тумбе Кафе, и оттаму произлегува името на тумбето - ридот. Од занаетите во врска со исхрана и ноќевање, најразвиен бил аџилакот, кој бил наследен, и во 1856 година броел 40 еснафи од кои 22 анџии, 16 готвачи, 29 меанџии и 7 слаткари.

Во 1876 година во Битола имало 50 анови, 37 воденици, 25 меани, 10 кафеани, 93 фурни и др. Додека пак, кон крајот на XIX век во Битола имало 14 анови, 92 фурни, потоа 2 бурекчии, 28 леблебиџии, 15 меанџии, околу 100 кафеџии.

Први именувани гостилници и ресторани во Битола се регистрирана во 1891 година. Исто така, во почетокот на XX век во Битола се појавуваат уште неколку ресторани, кои работеле во состав на хотелите.

Во периодот од крајот на XIX век до 1912 година во Битола имало околу 120 угостителски објекти (кафеани и меани) и околу 60 сместувачки објекти, (50 анови и 14 хотели).

Непосредно пред Втората светска војна, во Битола имало околу 900 продавници, од кои 61 кафеана, 109 крчми, винарски продавници итн.

Во Битола мошне популарно место за продавање и јадење на слатки производи бил „Мас Пазар". Во овој пазарен простор имало повеќе дуќани кои продавале разни слатки или благи производи, како што биле таан и ирмик алва, кадаиф, шербет, мраз, наут, слатко пекмез, сок од грозје, кафе, лимонада, боза и други благи производи.

Во 1947 година се формира Градско народно претпријатие за угостителство или Хотелско - Угостителско Народно Претпријатие „ХУНАП"- Битола кое управува со сите хотелски и ресторански објекти. Во 1952 година се преименува во УП „Македонија", а подоцна, во 1962 година во угостителско градско претпријатие (УГД) „Македонија".

Во 1965 година, во УГП „Македонија" работеле, најголем број 40 објекти (заедно со административните служби), и тоа: 2 хотели со ресторани, 1 дом - преноќиште, 7 гостилници, 11 бифиња, 5 кафеани, 1 самопослуга, 9 бутки, 1 содара, 1 вински магацин, техничка служба и дирекција.

Во периодот 1960-1970 година во Битола работеле максимум над 70 угостителски објекти (збирно државни и приватни претпријатија: меани, кафеани, гостилници, ресторани, фурни и слаткарници).

Во 1970-1971 година УГП „Македонија“ имало 28 објекти, а до крајот на седумдесеттите години во месноста „Довлеџик“ работи и еден ресторан .

Во 1986 година во состав на РОУТ „Македонија“ покрај дирекција работеле плус 28 организациони единици, и тоа: 2 хотели (од „Б“ и „Ц“ категорија), 12 кафеани, 2 самопослуги, 2 слаткарници, 6 киосци, 1 ресторан за општествена исхрана, 1 бифе и 2 магацини. Во 1989 година ПОУТ „Македонија“ располага со 29 организациони единици, и тоа: 2 хотели, 12 кафеани, 2 самопослуги, 3 слаткарници, 7 киосци, 1 бифе и 2 магацини.

Во 1995 година УТТ „Македонија“ располага со 36 организациони единици, и тоа: 2 хотели, 9 ресторани, 2 кафеани, 4 слаткарници, 12 киосци, 2 бифиња, 1 гостилница, 1 самопослуга, 2 магацини и 1 бинго.

Во Битола, покрај „државни“ угостителски претпријатија работеле и над 70 приватни угостителски објекти (меани, ќебапчилници, кафеани, слаткарници, пекари и киосци за сендвичи, пржени компирчиња, пуканки и др.).

Според тоа, збирно (државни и приватни) во периодот 1971-1990 година во Битола бројот на објекти во угостителството се движел од минимум 65 (во 1975 г.) до максимум 150 објекти (во 1990 г.) (просек околу 110 објекти).

РОУТ „Македонија“ во почетокот на деведесеттите години згаснува како државно претпријатие. Дел од угостителските и сместувачките објекти со денационализација се враќаат на „сопствениците“, дел се дадени на продажба и добиваат нови приватни сопственици, мал дел остануваат во „рацете“ на општината и се изнајмуваат за одредена цена и период на користење, а за жал, дел од објектите се оставени „на забот на времето - сами да се распаднат“.

Во периодот 1991 - 2000 година во Битола бројот на угостителски објекти се движи меѓу 150 -180 објекти (меани, ќебапчилници, кафеани, слаткарници, пекари, киосци за сендвичи, пржени компирчиња и пуканки), потоа во периодот 2001-2010 година над 270 угостителски објекти и во периодот 2011 - 2020 година во Битола работеле над 300 угостителски објекти. Исто така, во 2023 година во град Битола има над 300 угостителски објекти: ресторани, кафеани, кафе-бар, кафулиња, ќебапчилници, меани, пицерии, пекари, сендвичари, слаткарници и киосци.

Во селските населби први угостителски објекти селски меани се регистрирани во почетокот на XX век и тоа во поголемите селски населби. Пример во село Гопеш во 1900 година имало 22 бакалници, 7 фурни, 5 касапници, 1 фотограф и 1 аптека. Во село Породин во 1928 година имало една колонијална продавница и др.

Во периодот на социјализмот (1945-1991) во поголемите села се градат селски задружни домови - домови на култура. Во овие објекти покрај простории за состаноци, сала за културни настани, имало и простор за продавница - бакал со меана и сл. Такви домови имало во околу триесет села. Подоцна во периодот 1970-1990 година во над стотина села имало по една или повеќе продавници, а во некои имало меани, фурни и слично Приближно во наведениот период бројот на продавници со угостителски објекти во Битолско бил над 300 објекти.

Во 2008/09 година во над деведесет села имало по една или повеќе продавници и по еден или повеќе угостителски објекти. Според пописот на угостителството во Република Македонија реализирана во 2008 година, во Битола и Битолско имало вкупно 266 угостителски објекти (во овој број ставени се и сместувачките објекти).

Во 2023 година, активни претпријатија по сектори на дејности според Национална класификација по дејностите (НКД), публикувани од Државниот завод за статистика, во Битола и Битолско има 358 објекти од кои 212 објекти за сместување и сервисни објекти за снабдување со храна и 157 Објекти - претпријатија за други услужни дејности.

## 2. Краток историско - географски преглед на сместувачките објекти во Битола и Битолско

Први сместувачки капацитети во Битола биле ановите. Прв ан во Битола бил регистриран во Битолските сиџили во XV век. Во сиџилот се споменува Сунгур Чауш бегов ан, подигнат во 1435 година. Сунгур Чауш - бег бил големиот добротвор за Битола од христијански род. Патописецот Иван Кавала во 1591 година забележал дека во Битола има „карвансарај кој е добар за коњите, но е неуреден за луѓето“.

Во својот патопис од 1662 година Евлија Челебија за Битолските анови забележал дека ги има повеќе. Во текот на XVII и XVIII век бројот на анови постојано се зголемувал, па така во првата половина на XVIII век во Битола биле регистрирани 14 анови. Во XIX век, како стопански се издигнувал градот така се зголемувал и бројот на анови, во 1827 година регистрирани се 17 анови, во 1856 година 22 анови, а во 1876 година го достигнува својот максимум од 50 анови. Најголем број од ановите биле лоцирани околу чаршијата, но ги имало и покрај реката Драгор и околу градскиот часовник.

Прв европски хотел во Битола бил хотелот на грчкиот вицеконзул Лоренцо Пери, отворен во 1843 година. Хотелот се наоѓал во централното подрачје на градот, односно во северниот дел на денешен „Широк Сокак“.

Во Битола во периодот од 1843 до 1918 година максимално работеле 16 хотели, од кои 13 хотели биле лоцирани „Широк Сокак“, а 3 хотели биле лоцирани покрај река Драгор.

Во периодот на Балканските војни и Првата светска војна само девет хотели.

Во турско време село Кажани било важно за живиот карвански сообраќај помеѓу Битола и Драч. Така во село Кажани имало Голем ан, за непосредно во 1912 година да има 7 анови и 3 пекари.

Во периодот на крајот на XIX и почетокот на XX век, покрај во Битола, и во 21 село имало 28 анови (село Кажани, Црнобуки, Ношпал, Барешани,  Средно Егри, Скочивир, Суводол, Новаци, Алинци, Дедебалци, Добрушево, Старавина, Ерековци, Кукуречани, Подино, Лопатица, Габалавци, Драгарино, Драгожани, Ѓавато и Вашарејца).

Најголем број од ановите биле место за одмор на патниците и нивните, коњи, магарења, маски, камили и ѕевгар - пар впрегнати волови, биволи, говеда во влечени коли натоварени со разна стока. Само во дел од овие анови имало можност патниците да пренокат. Голем број од ановите во текот на Балканските и Првата светска војна биле уништени и прекинале со работа. Само неколку анови со можност за ноќевање продолжиле со работа во периодот меѓу двете светски војни, за да целосно исчезната неколку години по втората светска војна.

Во летото 1927 година на Пелистер за првпат на пробно користење почнало со работа Детско одморалиште за болни деца од белодробна туберкулоза. Во 1938 година на Пелистер е изграден и планинарски дом.

Во периодот меѓу двете светски војни, односно непосредно пред Втората светска војна, во Битола имало околу 20 хотели и 57 анови (само во помал дел од ановите имало соби за ноќевање). Најбројни, 12 хотели биле лоцирани во централното подрачје и по должината на Широк Сокак, а 8 хотели се наоѓале во близина на чаршијата и покрај река Драгор.

Во неколку манастири (во село Трново, Буково и сл.) дел од собите во конаците во летниот период биле изнајмувани за одмор на гости од Битола и пошироко.

Во периодот 1941-1944 година во Битола работеле 11 хотели со ресторани. Во 1948 година била извршена национализација на сите 17 хотели во Битола. Во 1962 година во состав на угостителското претпријатие „Македонија" влегле следните 22 објекти или организациони - работни единици до кои 1 хотел „Македонија" (со ресторан), и еден дом „Бегова Чешма" (на Пелистер).

Во 1965 година, во Угостителско градска претпријатие (УГП) „Македонија" работеле, 2 хотели со ресторани. Во овој период во Битола работи и еден Автокамп. Во 1970-1971 година УГП „Македонија" работаат 1 хотел и 2 преноќишта.

Во 1983/1984 година Работна организација за угостителство и туризам (РОУТ) „Македонија" располага со 2 хотела и 1 преноќиште на Пелистер. Во 1986 година во состав на РОУТ „Македонија" работаат само 2 хотела (од „Б" и од „Ц" категорија). Во бројот на сместувачки капацитети ќе ги додадеме и 5 планинарски дома и 5 други одморалишта ( 1 детско одморалиште и 4 работнички одморалишта во Националниот парк „Пелистер").

РОУТ „Македонија" во почетокот на деведесеттите години згаснува како државно претпријатие. Дел од угостителските и сместувачките објекти со денационализација се враќаат на „сопствениците", дел се дадени на продажба и добиваа нови приватни сопственици, мал дел остануваат во „рацете" на општината и се изнајмуваат за одреден период на користење, а за жал, дел објекти се оставени „на забот на времето - сами да се распаднат".

Од 1997/98 година наваму бројот на сместувачки капацитети во Битола почна континуирано да расте. Така, до 1999 година во Битола и неговата околина имало 6 хотели, во 2010 година во Битола и околината има 10 хотели и 6 други сместувачки капацитети.

Први сместувачки објекти во руралната средина регистрираме дури по 2003/04 година, и тоа благодарение на проекти за развој на рурален туризам. Прво село кое адаптирало објекти за сметување на туристи е село Дихово, а подоцна сместувачки објекти има и во селата Трново, Магарево, Братиндол, Буково и други.

Веќе во, 2016 година во општина Битола имало 45 угостителски објекти. Во периодот 2010-2018 година, во Битола и околината се градат уште 50 други сместувачки капацитети. Рурални населби со можности за сместување на туристи има во: Дихово, Трново, Магарево, Нижополе, Буково, Зовиќ, Бистрица, Братиндол, Кажани, Цапари, Крстоар, Олевени, Брусник и др.

Во Битола и околината во 2019 година има 28 хотели, а во 2023 година 35 хотели. Така, според податоци од Општина Битола - Сектор за економски развој; веб-страници на хотели и интервјуа со сопственици на хотели и други вработени) во 2023 година во општина Битола има 179 сместувачки капацитети, од кои: 26 хотели, 5 хостели и 148 вили, апартмани, куќи за гости и домови кои издаваат соби за гости. Од вкупниот број во градот Битола се: 23 хотели, 5 хостели и 118 вили, апартмани, куќи за гости и домови - апартмани кои издаваат соби за гости. Додека пак, во околината на Битола има 3 хотели и 30 вили, апартмани и куќи за гости.

## Заклучок

Од изнесениот текст за историско - географскиот преглед на угостителски и сместувачки објекти во просторот на Битола и Битолско може да се издвои следното:

- Прв сместувачки објект бил еден ан, во Битола кој се споменува во 1435 година (XV век).
- Први угостители се споменуваат алвациии и бозациии во средината на XV век.
- Прва крчма во Битола се споменува во средината на XVI век.
- Прва меана во Битола се споменува во 1678 година (XVII век)
- Во селата во Битолско први анови и меани се споменуваат во XIX век.
- Прв хотел во Битола се појавува во 1843 година. Тоа е и прв хотел во северниот дел од Македонија.
- Први сместувачки капацитет во рурална средина се манастирските конаци, во кои во дел од собите се сместувале гости.
- Од 2003 година па наваму во десетина селски населби има објекти (вили, апартмани и сл.) кои се изнајмуваат на гости - туристи.

Битола низ вековите стопански напредува а со тоа и бројот на угостителски и сместувачки капацитети се зголемувал. Па така, од средината на XIX век до денес издвојуваме четири временски периоди на зголемен број угостителски и сместувачки објекти. Својот максимален број ваквите објекти го достигнуваат во денешно време (види Табела).

**Табела**: Приближно бројно движење на сместувачките и угостителските објекти во Битола и Битолско низ временски периоди

| **Временски период** | **Приближен број на сместувачки и угостителски објекти во Битола и Битолско** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Хотели** | **Анови*** | **Други сместувачки капацитети**** | **Вкупно** | **Угостителски објекти** | **Се вкупно** |
| **Од 1843 до 1918 година** | 16 | 78 | / | 94 | 120 | 214 |
| **Од 1919 до 1944 година** | 21 | 57 | 2 | 80 | 180 | 260 |
| **Од 1945 до 1991 година** | 5 | / | 10 | 15 | 200 | 215 |
| **Од 1991 до 2023 година** | 35 | / | 144 | 179 | 179 | 358 *** |

* само мал дел од ановите имале соби за ноќевање на патници. ** планинарски домови, одморалишта, хостели, апартмани и вили. Во дел од сместувачките капацитети даваат угостителски услуги - ресторан, кафеана, а во некои од нив има кафе слаткарница, кафе бар, пицерија и сл. *** Во се вкупниот број сместувачки и угостителски објекти, 100 објекти се сместувачки без угостителска услуга (апартмани, вили и сл.) и 258 објекти со угостителска услуга.

**Литература:**


1. Методија Соколовски (1963), Турски изворни податоци од XV и XVI век за Битола, Гласник на институтот за национална историја, година VII, број 1, Скопје)
2. Никола В. Димитров (1998), Битола - урбано географски развој, ДНУБ, Битола
3. Никола В. Димитров и Трајан Велјанов (2017), Од анови до хотели, од меани до ресторани, Штип.
4. Хазим Шабановиќ (1967), Евлија Челеби - Путопис - одломци о југословенским земљјама, Сараево.
5. Милка Здравева (1986), Македонија во патописот на Евлија Челебија. Географски разгледи, книга 23 и 24, Скопје
6. Александар Матковски (1991), Македонија во делата на странските патописци 1371 - 1777, Мисла, Скопје
7. Никола В. Димитров (2003), Географско - историски преглед на стопанскиот подем на Битола во XIX век,: Трибина Битола низ вековите -VII во ред на тема Битола во XIX век - доселувања и доселеници, Миграции и демографски промени во Битола во XIX век, 03.11.2003, Битола.
8. Александар Стерјовски, (2017), Каледиоскоп, Битола
9. Димитар Димитровски - Такец (2013) Перформансите на Широк Сокак, Битола
10. Александар Стерјовски (2020), Градби, Битола
11. Државен архив на Македонија - Скопје, единица Историски архив Битола, Фонд: 02.0579, Фонд: УРО „Македонија“ Битола, 1952-1990 година
12. Nikola, Dimitrov (2023), Brief historical account of the hotel industry in Bitola (On the occasion of 180 years since the first hotel in Bitola 1843). International Journal of Economics, Management and Tourism, 3 (2). pp. 29-42. ISSN 2671-3810
13. Никола В. Димитров и Трајко Огненовски (2009) Битолски регион - Население и населби, Битола
14. Nikola, V. Dimitrov and Biljana, Petrevska and Aleksandra, Terzić (2019) Rural tourism in the space of NP “Pelister” case study: “Eight Pelister villages”. Conference proceedings from the Second international scientific conference ISCTBL 2019. pp. 267-277. ISSN 978-608-244-693-6
15. Ѓорѓи Лазаревски (2006), Кравари, МЗ Кравари, Кравари
16. Државен завод за статистика: Статистички годишник на СР Македонија (1968-1991), Скопје
17. ДЗС: Статистички годишници на Република Македонија (1996-2023), Скопје
18. ДЗС: Туризам во Република Македонија, 2011 - 2015, Скопје
19. ДЗС: Попис на капацитети во угостителството, 2008 година, Скопје
20. ДЗС: Статистички преглед: Транспорт, туризам и други услуги, 2015, Скопје